# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 41 став (2) од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ЃУБРИЊАТА ПРИ КОНТРОЛА НА ПРОИЗВОДСТВО, УВОЗ И ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ И УПОТРЕБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба.

## Член 2

Висината на трошоците за испитување на ѓубрињата при контрола на производство, увоз и пласирање на пазарот и употреба изнесува:

| Вид на услуга | Компоненти што се анализираат | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|
| Анализа на еднокомпонентно ѓубриво | Еден елемент (N, P, или K), како и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива), влага и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 2500 ден+ДДВ | - Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и извештајот.<br>- Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |
| Анализа на двокомпонентно ѓубриво | Два елементи (N+ P, N+K или P+ KX како и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 3500 ден+ДДВ | - Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и извештајот.<br>Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на трокомпонентно ѓубриво | Се прави анализа на N, P, и K, како и определување на следните параметри: pH , боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива) | 4000 ден+ДДВ | - Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и извештајот.<br>- Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини. |
| Анализа на трокомпонентно ѓубриво + определување на други макро и микроелементи | Се прави анализа на N, P, и K, како и определување на следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива)+се определуваат бараните макро и микро елементи | 4000 ден+ДДВ + 500 денари за секој дополнителен елемент. | - Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и извештајот.<br>- Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини.<br>- Доколку бројот на бараните дополнителни елементи за анализа е поголем од 10, цената за определување на дополнителните елементи се намалува за 30% |
| Анализа на Органски ѓубрива | Се анализираат N, P, и K, а се определуваат и следните параметри: pH, боја, мирис, густина (кај течни ѓубрива) и големина на гранули (кај цврсти ѓубрива)+се определуваат бараните макро и микро елементи, и суви материи | 4500 ден+ДДВ | - Ѓубривото да е донесено од инспектор.<br>- Во цената влегува и Извештајот.<br>- Фосфорот се анализира или како водорастворлив фосфор, или како фосфор растворлив во минерални киселини.<br>- За определување на дополнителни макро или микро елементи се доплаќа по 500 денари по елемент.<br>- Доколку бројот на бараните дополнителни елементи за анализа е поголем од 10, цената за определување на дополнителните елементи се намалува за 30% |

## Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр.17-694/5 | Министер за земјоделство, |
| 12 декември 2012 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |